Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative,Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: | 25.11.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 956/1 | | |

заведено 26.11-24

До Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен
(имател на информацијата)

## Б А Р А Њ Е

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Известување бр. 09-5528/1 од 15.11.24 на Собрание на РСМ
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- (д) друго – фотокопија верно на оригиналот
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- (д) друго – лично во комисија на рака
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
-----------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум 25.11.2024 година

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

06.12 2024 година

**Архивски број:** 1005 - 956/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен заведено под број 1005-956 од 26.11.2024 година **СЕ УВАЖУВА.**

## Образложение

До Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од лицето [redacted], заведено под број 1004-956/1 од 26.11.2024 г. со кое барателот бара лично во комисија на рака да му се достави фотокопија верно на оригинал од следнава информација:

„Известување бр.09-5528/1 од 15.11.2024 г. на Собрание на Република Северна Македонија.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ја дава следнава информација:

Согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 61 став 1 од Законот за општа управна постапка, јавниот орган може да ги завери како верни копиите на исправите кои самиот ги издал.

Поради сето погоре наведено, Државната комисија постапувајќи по поднесеното Барање, на подносителот на истото ќе ну достави примерок од Известувањето со број 09-5528/1 од 15.11.2024 г. на Собрание на РСМ во фотокопија, со оглед на тоа што во овој


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

случај Државната комисија не е издавач на конкретниот документ кој е предмет на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Согласно погоренаведеното, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Известување со број 09-5528/1 од 15.11.2024 г. (фотокопија)

Изготвил: Наталија С.Филипова